Бр./Nr 12-2466/4

05-11-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2466/1 од 14.07.2021 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2466 од 2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Предметот со број 12-2466/1 од 14.07.2021 година е оформен во Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на поднесена пријава од непознат подносител.

Во пријавата е наведено дека на ///, поранешен административен службеник во подружницата на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (во понатамошниот текст: Фондот) во /// на работна позиција контролор, тамошниот заменик директор, службено лица ///, непосредно пред пензионирањето незаконски и' ја зголемил платата, со цел да оствари повисока пензиска основица пред пензионирањето. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК се обрати до Фондот со барање да се изврши внатрешна ревизија по однос на истите. Фондот доследно постапи по барањето на ДКСК и изврши внатрешна ревизија по однос на истите. Фондот постапи по барањето на ДКСК и изврши внатрешна ревизија, за што достави Ревизорски извештај од спроведената ревизија, со докази.

Со ревизијата е утврдено, а во Извештајот е нотирано дека во конкретниот случај, покачувањето на платата на посоченото службено лице во пријавата е резултат на донесување нов Правилник за систематизација на работните места во Фондот, како и на анексот на Колективниот договор за уредување, односно доуредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Фондот. Така, за сите вработени во Фондот биле донесени нови решенија за распоредување на работни места и утврдување

плати кои што се пресметувале според ново утврдените бодови за секое работно место по вредност утврдена со одлука на Владата на Република Северна Македонија. Поради тоа на посоченото службено лице во пријавата, му била исплатувана поголема плата непосредно пред пензионирањето. Имено, посоченото службено лице во пријавата, било распоредено на исто ниво, а промената во пресметката и исплатата на платата настапила заради промената на бодовите и нивната вредност, за работното место во Фондот на кое работело и претходно.

Врз основа на Извештајот од внатрешната ревизија, ДКСК не констатира повреда на закон од страна на службено лице, заради стекнување корист, за себе лично, или за друг, оцени дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**